НАШИТЕ ПРВИ 20 ГОДИНИ

www.gs1mk.org.mk/20godini

GS1 е-ИНФО

Бр.13 - Јули 2014

# Почитувани читатели на е-ИНФО на GS1 Македонија

На 25 јуни 2015 година GS1 Македонија прослави 20 годишен јубилеј од своето постоење, при што ги запозна заинтересираните со временски релативно кусата, но историја богата со достигнувања на денес најраспространетиот светски глобален стандард и со сличниот историски развој на нашата национална организација, GS1 Македонија. По повод овој јубилеј, GS1 Македонија доби специјално признание од Меѓународната GS1 организација на Генералното Собрание во Берлин, во мај 2014 година. Нашиот 20 годишен јубилеј се совпаѓа со прославата на 40-годишнината на Меѓународната GS1, бидејќи на 26 јуни 1974 е за прв пат во светот скениран производ со GS1 бар код, во супермаркет во Охајо, САД.

Денес, со гордост можеме да констатираме дека GS1 Македонија успеа да стане препознатлива во национални и меѓународни рамки и дека е рамноправна со останатите 111 национални GS1 организации, во однос на развојните и проектните активности, како и во сé помасовната имплементација на GS1 стандардите во Република Македонија.

Среќни сме што успеавме да нашите корисници (од стопанскиот и нестопанскиот сектор) денес соработуваат со GS1 Македонија како со респектабилен деловен партнер, кој со својот широк спектар на услуги и бесплатна стручна помош им овозможува да ја зголемат ефикасноста, безбедноста и профитабилноста преку прифаќање и користење на стандардите. Од трговија на мало до здравство, од прехранбена индустрија до транспорт и логистика, GS1 стандардите постојано го трансформираат и подобруваат начинот на живот во Република Македонија.

Ние во GS1 Македонија сме горди што за релативно кус период успеавме да ја зголемиме општата свест за неопходноста од примената на новите технолохии и методи во сите области и сектори и да придонесеме за развој и оптимизација на GS1 глобалните стандарди и решенија во нашата земја.

Во развојниот пат кој го поминавме изминатите 20 години, остваривме многу корисна соработка со бројни институции и организации. Со нив го споделуваме нашето чувство за успешност во досегашната примена на GS1 системот на стандарди во нашата земја.

Сите наши идни активности ќе бидат и понатаму насочени кон задоволување на деловните потреби на нашите членки и совладување на предизвиците кои ги поставуваат евроатлантските интегративни процеси во сите сфери од економските и институционалните активности во Републиката.



Слаѓана Милутиновиќ,
извршен директор

# Прославен значаен јубилеј на Македонската асоцијација за GS1 стандарди - GS1Македонија „НАШИТЕ ПРВИ 20 ГОДИНИ“




Македонската асоцијација за GS1 стандарди - GS1Македонија во скопскиот хотел „Александар Палас“ во присуство на бројни гости го прослави значајниот настан под мотото „Нашите први 20 години“ (25.6.2014 година). На прославата, покрај бројни компании, присуствуваа и претставници од министерствата, од владините тела и агенции, од јавните институции и од коморите. За јубилејот, GS1 Македонија подели и триесет благодарници за своите членки.




Македонската асоцијација за GS1 стандарди - GS1 Македонија е формирана во 1994 година во рамките на Стопанската комора на Македонија, под име EAN МАК. Таа е членка и ексклузивен претставник на македонските компании во Меѓународната GS1 организација и во регионалната организација за Европа. Согласно измените извршени на меѓународно ниво, од 16.01.2006 година ЕАН МАК изврши ребрендирање на името во GS1 Македонија, а од 01.01.2010 е вон Комората и функционира како самостојно правно лице. GS1 Македонија е национална, непрофитна, доброволна, невладина, кориснички ориентирана, деловно неутрална асоцијација на македонските компании од сите производни и непроизводни сектори.



- Нашата цел е максимално да помогнеме бизнис заедницата во Републикава што побрзо да ја зголеми својата конкурентност и да стане рамноправен партнер на својата конкуренција во меѓународната трговија и воедно да обезбеди предуслови за зголемено присуство на нивните производи на светските пазари, преку користењето на нашите единствени, глобални, неутрални GS1 стандарди, кои носат бенефит за бизнисот и го подобруваат секојдневниот живот на потрошувачите. – подвлече Симон Наумоски, претседател на Управниот одбор и Собранието на GS1 Македонија. - На нашите членки кои имаат валидни (акредитирани) бар кодови од 2006 година па наваму им се овозможува полесен пробив на глобалниот пазар и остварување бизнис релации со преку милион компании од светот преку Глобалниот регистар на компании под име GEPIR, во кој се регистрирани, присутни, сите светски компании вклучувајќи ги и македонските.



Основната мисија на GS1 Македонија е да управува, обезбедува единственост и интегритет на GS1 системот во Републиката и да доделува GS1 идентификациони броеви за баркодирање (Единствен Матичен GS1 број – GS1 ЕМБ) на македонските компании неопходно потребни во менаџментот на националниот и светскиот синџир на снабдувањето.




-Најголемите бенефити од користењето на GS1 стандардите македонските компании ќе ги почувствуваат во наредните 10 години. Се работи за алатка која придонесува за зголемување на конкурентноста, иновативноста и во краен случај на извозот. – истакна пред присутните Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. – Несомнено, најсилната компонента на бизнисот е информацијата, па затоа бар-кодовите ќе станат најдобра алатка и за македонските компании.

-Основните цели на GS1 Македонија се воведување, примена и развој на единствениот меѓународен систем на глобални стандарди (GS1 стандарди) за автоматска идентификација на производите и услугите, електронска размена на податоците и обезбедување на неутрална платформа за отворена соработка помеѓу сите деловни партнери.



Визијата на GS1 Македонија е масовна примена на GS1 стандардите и нивно користење во сите области од производниот и непроизводниот сектор во нашата Република. Со алатките кои ги нуди GS1 системот на стандарди се овозможуваат големи бенефити за сите негови корисници и се подобрува деловното работење и животот на луѓето. Сите идни активности

и понатаму ќе бидат насочени кон задоволување на потребите на нашите членки и овозможување да GS1 визијата стане реалност – истакна Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија.




Меѓународна GS1 организација е формирана пред 40 години, во 1974 година во САД, во 1997 година за Европа и останатите земји, а од 2005 година постои единствена, глобална организација под име GS1. Зазема прво место во поврзувањето на меѓународната трговија со примена на еден глобален систем на отворени стандарди. Во Обединетите нации е членка со консултативен статус, а во Европската Унија учествува во дефинирање на регулативи во различни области. GS1 го трансформираше светот со креирање на еден единствен глобален јазик на бизнисот.

GS1 производите и решенијата овозможуваат на милиони компании од преку 150 земји да извршуваат преку 6 милијарди трансакции дневно. GS1 е активна во повеќе од 20 сектори и индустриски гранки, од производство, трговија на големо и мало, преку здравствена заштита, транспорт и логистика до одбрана. GS1 нуди широк избор на услуги како што се помош во деловното работење, користење на стандарди и технологии, вклучувајќи обука, сертификација и техничка поддршка. GS1, низ својата мрежа од 111 национални и регионални GS1 организации од над 150 земји во кои членуваат повеќе од 1,300,000 компании од сите големини и коишто располагаат со над 95% од вкупниот светски економски потенцијал, активно влијае врз сите аспекти на функционирањето на светскиот синџир на снабдување.

Портфолиото на GS1 нуди различни производи, решенија и технологии, вклучувајќи го и GS1 Системот на стандарди – најшироко користениот систем на стандарди во светот. Палетата на активностите на GS1 портфолиото опфаќа од GS1 бар-кодови и GS1 e-com (електронски трговски алатки), до следна генерација на напредни технологии и решенија како што се GS1 GDSN (синхронизација на податоци), EPC global (користење на RFID технологии), и др, - подвлече Слаѓана Милутиновиќ во своето излагање пред присутните.











# ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА НА GS1 ОРГАНИЗАЦИИТЕ ОД РЕГИОНОТ



Регионалниот состанок на GS1 организациите од Македонија, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија се одржа на 24 и 25 април во Белград, во организација на GS1 Србија. Целта на состанокот беше презентирање на проекти, спроведени од GS1 организациите во секоја од државите, како и стекнување на основи за понатамошна соработка и започнување на заеднички регионални проекти. Значајноста на ваквите состаноци (кои ќе продолжат и во иднина) е клучна, бидејќи компаниите од секоја од државите најголем дел од своите производи ги извезува во останатите балкански држави.

Првиот ден од дводневната регионална конференција на GS1 организациите од Балканот, започна со презентација на проектите на земјата домаќин, GS1 Србија за потоа да следуваат презентациите на GS1 Босна и Херцеговина, GS1 Хрватска, GS1 Македонија и GS1 Словенија.



Домаќинот GS1 Србија презентираше 3 изработени проекти, кои во иднина би можеле да преминат во регионални и тоа: Пилот проект за следливост во здравството, GS1 Србија GLN каталог и Контрола на компанискиот префикс на место на продажба.

Директорката на GS1 Босна и Херцеговина накратко ја презентираше историјата на GS1 БиХ и проблемите кои ги имале во оформувањето и функционирањето на GS1 БиХ. Во однос на изработени проекти, колегите од GS1 БиХ презентираа 2 проекти: GS1 Logger For Staff – Примена во Босна и Херцеговина 2012/2014 и Пример на едноставно решение за примената на EU директивата 1169/2011.



EU директивата 1169/2011 веќе е прифатена во законската регулатива во Босна и Херцеговина, па GS1 БиХ изработиле едноставна апликација преку која компаниите може да внесат нутрицистички факти за производите. Самата апликација е едноставна (базична) и не содржи некои дополнителни елементи како сигурност или начин на преземање на податоците.

GS1 Хрватска презентираше 2 проекти: Примена на ISO 9001/2008 во постапката на администрирањето на членките и Електронски каталог – неопходна претпоставка за примена на EU регулативите, особено EU 1169/2011.

Беше опишан начинот на дополнување на електронскиот GDSN каталог на GS1 Хрватска – Globe-Cat, со нови информации кои се задолжителни со EU регулативата 1169/2011, односно нутрицистичките факти и алергенсите во електронски формат. Исто така беше даден краток опис на каталогот, кој што бил изработуван 6 години од 5 надворешни софтверски куќи и кој што во моментов содржи 15.000 производи од 120 фирми.

Директорката на GS1 Македонија Слаѓана Милутиновиќ и колегата Кирил Коровешовски имаа свои презентации за 3 завршени проекти:

- **Проект – Акредитација за GS1 број**
- **Пилот проект за GS1 DataBar**
- **Софтвер за генерирање на GS1 – 128 и логистичка етикета**



Системот на сертифицирана акредитација е во светски рамки уникатна, оригинална, сопствена креација, која директорката Слаѓана Милутиновиќ го воспостави во 2007 година и кој предизвика голем интерес при националната и меѓународната промоција во 2008 година на GS1 Форумот во Париз. Тоа е нов модел на утврдување и промоција на успешните фирми заслужни за развојот и имплементацијата на GS1

системот во Република Македонија и дава одлични резултати. Низ видео презентација директорката на англиски јазик ги презентираше сите фази на проектот и бенефититите кои се добиваат со неговата реализација.

За Пилот проектот за GS1 DataBar-от со кој се обезбедува следливост на производите до самото наплатно место директорката Милутиновиќ на англиски јазик, низ видео презентација ги презентираше активностите на целиот тим на GS1 Македонија и фазите по кои се реализираше проектот и бенефитите за сите учесници во дистрибутивниот синџир. Таа го потенцираше активното учеството на фирмите во проектот, националната промоција која ја организираше во декември 2013 година и меѓународната промоција на Глобалниот Форум 2014 во Брисел.



Кирил Коровешовски го претстави софтверот за генерирање на GS1 – 128 бар код и логистичка етикета, кој е негова сопствена креација. Тоа е веб базирано софтверско решение со кое се олеснува имплементацијата на GS1 стандардите, особено кај малите и средните македонски компании, извозно ориентирани, кои немаат интегриран информационен систем имплементиран во самиот процес на производство. Со користење на овој софтвер, компаниите многу лесно и ефикасно ги означуваат и етикетираат хиерархиските пакувања и ги задоволуваат бизнис барањата при извоз во странство.

GS1 Словенија презентираше 4 проекти, на кои работи во овој период: Електронска сметка за членките на GS1 Словенија, Вклучување на GS1 тематиката во програмите за образование во средните економски и трговски училишта, Задолжителна верификација на потрошувачките единици и Cash handling во Словенија. Во овој дел повторно се нагласи потребата од користење на EDI пораките во делот на пренос на парите (меѓу националните банки во Европската Унија) со користење на пораките од EDI: ORDER, MULTIORDER, DESPATCH ADVICE.

Во вториот работен ден беше одржана “Округла маса за примената на GS1 стандардите во регионот” на кој што беа разгледани заклучоците од претходниот ден и официјално беше затворен работниот состанок. Заклучоците беа прифатени од сите присутни едногласно:

- **Потенцирање за регионална соработка со посебен акцент на компаниите и олеснување на нивната трговска размена со земјите во регионот,**
- **Отпочнување на заеднички регионални проекти со претставници од секоја GS1 организација за униформен начин на имплементирање на GS1 стандардите во сите држави,**
- **Подготвеност за споделување на материјали и помош во проектите од присутните GS1 организации,**
- **Одржување на вакви регионални состаноци секоја година во различни држави.**



# НОВА УСЛУГА ЗА ЧЛЕНКИТЕ НА GS1 МАКЕДОНИЈА - GS1 КАТАЛОГ НА ПРОИЗВОДИ

Со огромно задоволство Ве информираме за новата услуга која им ја овозможуваме на нашите членки. Имено, GS1 Македонија изработи свој сопствен GS1 Каталог за производи кои се баркодирани со бар код чии префикс е 531 (интернационален GS1 префикс за Македонија). Со овој GS1 Каталог **Ви нудиме алатка со која што Вашата компанија ќе биде во можност да ги реализира одредбите на Европската директива EU 1169/2011, која стапува на сила од 01.01.2015 година.**

Овој каталог во наредниот период GS1 Македонија во соработка со своите членки (производители, дистрибутери, маркети итн.) ќе го пополнува.

Пристапот до каталогот е можен преку www.gs1katalog.mk и www.katalog.com.mk .




Секоја членка на GS1 Македонија ќе добие свое корисничко име, своја корисничка лозинка за пристап до овој каталог и упатство за пополнување. Сите заинтересирани кои сакат побрзо да бидат вклучени во овој проект може слободно да не контактираат.

Бенефити ќе имаат сите наши членки кои ќе учествуваат активно во полнењето на овој каталог:

- **Компаниите без разлика на својата големина (мали и големи) ќе може да ги популаризираат своите производи;**
- **Да ја зголемат видливоста на своите производи;**
- **Извозните компании (особено компаниите кои извезуваат во земјите од Европската унија) ќе може да го користат каталогот како начин за исполнување на EU 1169/2011 регулативата, која ќе биде задолжителна од 2015 година;**
- **Малите компании без информациони системи, ќе може да го користат електронскиот каталог за менаџирање на податоците за своите производи;**
- **Дистрибутивните куќи и маркетите ќе можат да ги добиваат податоците за сите нови производи во структуриран начин и истите да ги користат автоматски во нивниот систем.**

# GS1 се приклучи на World Wide Web конзорциумот со цел да се унапреди идентификацијата на продуктите и нивната видливост во веб просторот

**Брисел, 24 Март 2014** – GS1 е непрофитна и глобална организација која што го развива и се грижи за светски најраспространетиот стандард во синџирот на трговија. Оваа организација е светски лидер во олеснувањето на бизнисот на национални и интернационално ниво. Од 24 Март 2014 GS1 е член на **The World Wide Web Consortium (W3C).** GS1 ќе работи заедно W3C заедницата во развој на стандарди кои ќе ја обликуваат иднината на идентификацијата и описот на продукти и „нешта“ во веб просторот.

Партнерството доаѓа во исклучително значаен момент и за двете организации, овој месец World Wide Web слави 25 години од формирањето, GS1 слави 40 години од своето формирање. Приклучувањето кон W3C ќе донесе палета на бенефити за GS1 вклучувајќи и блиска инволвираност во работата на развојот на стандардите кои се столб на денешниот веб како и можност за директно вметнување на веќе докажаните GS1 стандарди преку нивно прилагодување и интегрирање во моменталните веб стандарди каде што тоа е изводливо.

*Steve Bratt од Меѓународната GS1 организација, а поранешен CEO на W3C, рече, “Верувам дека нашите организации можат да работат заедно во наредните години со цел да се поврзат две важни заедници. Оваа соработка ќе има големо влијание врз двете организации GS1 и W3C во царството на создавање и имплементација на стандардите со цел овозможување на глобална комерција и логистика од што најголема придобивка ќе има индустријата и потрошувачите.”*

Ова партнерство доаѓа во време каде информациите за квалитетот на продуктот е клучен приоритет како за индустријата така и за потрошувачите. Новите GS1 стандарди се фокусирани кон овозможување на зголемена видливост на информациите за продуктот во интернет пребарувачите и на веб страните.

*Miguel Lopera, претседател и CEO на GS1 додаде, “Имајќи го во предвид рапидното зголемување на електронската трговија, правилното идентификување на производите и точноста на информациите за истите е од витално значење за зголемување на довербата на потрошувачите и на репутацијата на брендот на производот. GS1 обезбедува алатка која што индустријата може да ја искористи за подобра размена на информации во дигиталниот свет и на крај за подобро поврзување со потрошувачите.”*

За повеќе информации посетете го: http://www.gs1.org/digital.

**За W3C**

World Wide Web Consortium (W3C) е интернационален конзорциум каде членките, вработените и јавноста работат заедно во развојот на Веб стандардите. Примарна задача на W3C е создавање на веб стандарди и давање насоки за развој со цел да се обезбеди стабилен иден развој на веб околината. Повеќе од 365 организации се членки на овој конзорциум. За повеќе инфромации посетете го веб сајтот на W3C www.w3.org